Плаќањето на сите надоместоци за запишување на семестарот може да се изврши онлајн, преку **iKnow** системот. За таа цел е потребно да се изберат предметите во согласност со студиската програма и да се изврши верификација на изборот од страна на службата за студентски прашања. За да се изврши верификацијата потребно е студентот да побара верификација лично во службата за студентски прашања или преку електронската адреса **st.sluzba@fdtme.ukim.edu.mk**.

Системот дозволува запишување од страна на студентот до 35 кредити. Во колку студентот има намера да запише 36 кредити, за тоа треба да ја извести службата за студентски прашања и во делот за коментари да образложи кој дополнителен предмет сака да го запише. За запишување над 36 кредити потребно е да се поднесе посебно барање.

По верификацијата на предметите, во табот **'Предмети'** ќе се појави копче **'Плати онлајн'** и ќе го одведе студентот до платформата за плаќање.